Архивски број: 08-235/1
16.02.2026 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-564/1 од 10.07.2025 година поднесена од --- од ---, со адреса на живеење на ---, за дискриминација сторена од страна на ---, со седиште на --- во ---, врз основа на род, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, попреченост, здравствена состојба и лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи и социјалната сигурност вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, врз основа на член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** кон подносителката --- од --- сторена врз основа на род, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, попреченост, здравствена состојба и лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи и социјалната сигурност вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, од страна на ---.

**Образложение**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ( во понатамошниот текст: "**Комисијата**") беше поднесена претставка бр. 08-564/1 од 10.07.2025 година, од страна на --- од ---, за дискриминација извршена од страна на --- (понатаму во тектот: "---"), а врз основа на род, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, попреченост, здравствена состојба и лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи и социјалната сигурност вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита.

Во претставката подносителката наведе дека изразува сомнеж за сторена дискриминација врз неа по основ на бременост од страна на нејзиниот поранешен работодавач --- каде била вработена на определено време. Во текот на вработувањето останала бремена и поради сериозни здравствени компликации-силна вознемиреност на работното место, и било отворено боледување, односно започанала патолошка бременост. Претходница на ова бил мобинг на работното место поради што завршила на ургентен центар. Наведува дека откако на --- година на претпоставената --- и кажала дека е бремена во текот на цела недела која следела била малтретирана и тортурирана на работното место за да на ден --- година и биде соопштено дека преку нејзиниот систем кој го користела за работење направила "фатална" грешка и била присилена да напише изјава со која ќе потврди дека таа ја сторила грешката. Подносителката

посочила дека не била свесна што згрешила бидејќи обуката била оскудна и без надзор. Раководителката ја терала да напише изјава најпред на само, а потоа и пред нејзините колеги по што добила болки и завршила на ургентен центар во болницата --- каде била констатирана силна вознемиреност. За време на боледувањето и било соопштено дека нејзиниот договор за вработување немало да биде продолжен, па смета дека причина за ова била нејзината бременост и отсуството од работа поради здравствени причини. Смета дека наведеното е евидентна дискриминација и наоѓа дека е неетички и нечовечки беспомошна жена да се остави на улица без осигурување, а за 3 месеци требало да биде отворено породилно отсуство. Наведува дека потпишала анекс кон договорот заклучно со денот кога и завршувало боледувањето за патолошката бременост, односно --- година.

На 15.07.2025 година, подносителката по електронски пат достави до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација дополнување на претставката заведено под број 08-564/2 кон кое достави договор за вработување бр. --- од --- година.

На 15.07.2025 одина Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се обрати со барање бр. 08-564/3 до подносителката со цел добивање на доуредување на претставката во насока на обезбедување на податоци за тоа – дали сеуште се води како вработено лице на евиденција на Агенција за ---, - дали има податок за тоа дали работното место на кое работела во моментот е пополнето, односно дали на истото е ангажирано друго лице.

На 21.07.2025 година до Комисијата е доставено доуредување заведено под број 08-564/4 кон кое подносителката достави – договор за вработување бр. --- од --- година, - договор за вработување бр. --- од --- година, - фотокопие од електронски увид во систем на Агенција за --- каде се води на евиденција на вработени лица, и податок за тоа дека нема сознанија дали е избрано лице кое би ја заменило на работното место, но дека видела оглас објавен од страна на работодавачот за кандидат за работно место ---.

На 28.07.2025 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се обрати со барање бр. 08-564/5 до ---, заради добивање на произнесување по наводите во претставката. По ова на 19.08.2025 година во Комисијата е пристигнат одговор --- од --- година на --- во кое се наведува дека подносителката на претставката --- од --- имала засновано работен однос на определено време во друштвото во траење од --- месеци со почеток од --- година до --- година, продолжен на --- година, на работно место – ---, во сектор – ---, служба за ---. Веднаш по вработувањето на именуваната ѝ била организирана специјализирана обука за нејзиното работно место и запознавање со интерните прописи, процедури и правилници од аспект на безбедност и здравје при работа, заштита од вознемирување на работно место, обука од аспект на заштита на личните податоци и доверливост и слично. Во однос на специјализираната обука за времетраењето на истата до мометот на нејзино успешно завршување, тогаш вработената не работела самостојно туку била поддржана и контролирана од ментор, конкретно вработената ---. Поради овие причини наводите кои се однесуваат на подготовката за работа, потенцијалниот дискриминатор ги смета за неосновани.

По однос на наводот дека е сторена дискриминација по основ на бременост, потенцијалниот дискриминатор смета дека истиот е тенденциозен, невистинит и неоснован од причина што од подносителката никогаш не била побарана информација ниту била прашана за нејзина евентуална или постојна состојба на бременост. Ваквата информација таа ја соопштила на претпоставената во момент кога таа сметала дека тоа треба да го направи. Се наведува дека подносителката на претставката била почитувана од страна на сите останати вработени кај работодавачот и никогаш не била “малтретирана” или “тортурирана” од страна на било кој вработен.
Понатаму во одговорот се наведува дека “грешката” која ја навела подносителката во претставката, била грешка која таа ја направила во текот на работењето и за која работодавачот морал да постапи согласно воспоставените процедури и стандарди за работа со цел да се открие од каде потекнува, да се коригира и да се спречат последиците по правното лице. Според потенцијалниот дискриминатор истражувањето на грешката не може да се смета за малтретирање или тортура кон подносителката бидејќи вакви постапки биле дел од работењето на друштвото и важеле подеднакво за сите. Како доказ за ова кон одговорот доставени се – известување за неочекувани промени во цена на производи од сектор ---, служба – ---, - изјава од раководителката --- и – записник за настанот. Имено, проверка за грешка била направена во системска апликација за материјално работење во која секоја активност на вработените се евидентирала, а тогаш вработената --- за прв пат за грешката била информирана и запознаена на --- година во попладневните часови. Заради сериозноста, сите вработени во службата заедно со тогаш вработената биле вклучени во вршење на интерна ревизија па бидејќи станувало збор за несразмерно голем број грешки кои дотогаш не се случувале истите морало да бидат евидентирани во системот за квалитет и затоа било задолжително именуваната да даде свој исказ во форма на изјава за причините за настанувањето на грешките. Се додава дека тогаш вработената покрај обуките добиени од работодавачот во својата биографија имала наведено дека претходно имала работно искуство со слични процедури при нејзиното работење во правното лице “---” па за потенцијалниот дискриминатор е нејасно како подносителката не знаела каква грешка направила во текот на работењето. Кон крајот на работното време подносителката била потсетена за потребата од писмена изјава на што таа со висок тон одговорила дека нема зошто да се бара било каква изјава од неа затоа што таа е бремена. За ова потенцијалниот дискриминатор посочува изјави од другите присутни вработени кои токму тогаш дознале за состојбата на бременост на подносителката.
Крајно се наведува дека било нејасно за работодавачот од каде и на кој начин произлегло малтретирање и тортура кон тогаш вработената и зошто ако истата така се чувствувала не го пријавила ова со оглед дека поминала и интерна обука за заштита од вознемирување на работно место.

Врз основа на наводите во претставката, произнесувањето по истата, како и материјалните докази прибавени во текот на постапката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во конкретниот случај утврди дека не е сторена директна дискриминација кон подносителката на претставката --- од --- од страна на --- врз

основа на род, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, попреченост, здравствена состојба и лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи и социјалната сигурност вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, а во смисла на член 8, став 1 од во кој е уредено дека "*Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.*"

Имено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација повеќето од наведените дискриминаторски основи не можеше да ги доведе во корелација со наводите во претставката и тврдењата за сторена дискриминација, но обрна должно внимание на делот од претставката кој се однесува на евентуалната можност за сторена директна дискриминација врз основа на бременост, раѓање и мајчинство која резултирала со престанок на работниот однос, односно непродолжување на истиот од страна на работодавачот. Поради ова, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно законските надлежности ги искористи механизмите за утврдување на фактичката состојба па од сето прибавено не можеше да се констатира причинско последична врска, односно директна поврзаност помеѓу соопштувањето на состојбата на бременост, како причина и престанокот на работниот однос кај работодавачот, како последица на ваквата состојба на подносителката. Дотолку повеќе што откако подносителката соопштила дека е бремена, во момент кога таа сама одлучила да го стори тоа, нејзиниот договор за вработување бил продолжен на уште 1 --- месец па оттука не може да се увиди интенција на работодавачот за прекин на работниот однос поради состојбата на бременост.

Како резултат на сето погоре, се одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
13.02.2026 година

Комисија за спречување и
заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ

Доставено до:

- ---
- ---
- Архива на КСЗД